Australian Government

NATIONAL BOWEL CANCER SCREENING PROGRAM

CE901 – 12/2025 – Macedonian | Македонски

# САМО ПРИМЕРОК НА ПИСМО




Почитуван/а <Име>,

## Следниот бесплатен комплет за тестирање за рак на дебелото црево ќе го добиете за две години.

Нашата евиденција покажува дека сте имале колоноскопија во последните две години. Клиничките упатства препорачуваат дека по колоноскопијата, безбедно е да го прескокнете следното тестирање за рак на дебелото црево.

Ова значи дека нема да добиете комплет за тестирање во следните две години.

- Доколку сакате повторно да направите тестирање сега, можете да побарате вашиот комплет да ви биде испратен по пошта на **www.ncsr.gov.au/boweltest** или да се јавите на 1800 627 701.
- Доколку вашиот лекар ви препорачал редовни контроли со колоноскопија (надзорна колоноскопија), ве молиме откажете го или одложете го вашето учество во програмата за да не добивате непотребни комплети за тестирање. Тоа можете да го направите на **www.ncsr.gov.au/manage-participation** или да се јавите на 1800 627 701.

Доколку не сте сигурни, разговарајте со вашиот лекар за тоа што е најдобро за вас. Вашиот лекар или специјалист е најсоодветното лице кое може да ве советува за вашите опции за тестирање.

Можете да го користите приложениот информативен лист за да ви помогне во разговорот со вашиот лекар.

Со почит

National Bowel Cancer Screening Program (Национална програма за тестирање за рак на дебелото црево)

**За повеќе информации за тестирање за рак на дебелото црево**

Скенирајте го овој QR-код за да ја посетите веб-страницата www.health.gov.au/nbcsp

Посетете ја веб-страницата на National Cancer Screening Register (Национален регистар за тестирање за рак) на www.ncsr.gov.au или јавете се на 1800 627 701

Како ги користиме вашите лични податоци: www.ncsr.gov.au/privacy

Australian Government

NATIONAL BOWEL CANCER SCREENING PROGRAM

## Информации како поддршка при разговор помеѓу лекар и пациент

Според нашата евиденција, вашиот пациент имал колоноскопија во последните две години и затоа може да прескокне едно тестирање за рак на дебелото црево. Ова значи дека тој/таа нема да добие нов комплет за тестирање во следните две години, кога повторно ќе биде на ред за тестирање.

Ова е во согласност со клиничките упатства, според кои се препорачува дека лицето може да го прескокне следното тестирање за рак на дебелото црево доколку неодамнешната колоноскопија покажала дека нема потреба од надзорна колоноскопија.

Меѓутоа, ако тој/таа сака повторно да направи тестирање сега, може да побара комплетот да му/ѝ биде испратен по пошта. Можете исто така да побарате комплетот во негово/нејзино име.

| **Можни постапки на давателите на здравствени услуги** | |
|---|---|
| **Доколку вашиот пациент треба да прескокне едно тестирање** | **Не се потребни понатамошни постапки.** Преку програмата, на вашиот пациент ќе му биде испратен комплет за тестирање по две години, кога повторно ќе треба да се тестира. |
| **Доколку вашиот пациент треба да продолжи со тестирање на секои две години** | Побарајте комплет во негово/нејзино име на **www.ncsr.gov.au/boweltest**, јавете се на 1800 627 701 или направете го тоа преку интеграцијата на вашиот клинички софтвер или преку порталот на Националниот регистар за тестирање за рак (National Cancer Screening Register) за даватели на здравствени услуги. |
| **Доколку вашиот пациент треба привремено да го одложи тестирањето** | Јавете се на 1800 627 701 и известете нè до кога треба да се одложи тестирањето, или направете го тоа преку интеграцијата на вашиот клинички софтвер или преку порталот на Националниот регистар за тестирање за рак за даватели на здравствени услуги. |
| **Доколку вашиот пациент треба трајно да се откаже од тестирањето** | Јавете се на 1800 627 701 или откажете го неговото/нејзиното учество преку интеграцијата на вашиот клинички софтвер или преку порталот на Националниот регистар за тестирање за рак за даватели на здравствени услуги. |
| Вашиот пациент може сам да ги ажурира податоците за своето учество во програмата ако се јави на 1800 627 701 или преку порталот на Националниот регистар за тестирање за рак за корисници на **www.ncsr.gov.au/manage-participation**. | |

| | |
|---|---|
| **Клинички упатства** | Националната програма за тестирање за рак на дебелото црево се базира на *Клиничките упатства за превенција, рано откривање и лекување на рак на дебелото црево* (ажурирани во 2023 година) - **www.cancer.org.au/go/clinical-guidelines-bowel**. |
| | За да утврдите дали е соодветно вашиот пациент да прави тестови преку програмата по извршена колоноскопија, ве молиме погледнете ги Клиничките упатства за надзорна колоноскопија (Clinical Practice Guidelines for Surveillance Colonoscopy) - **www.cancer.org.au/go/clinical-guidelines-bowel-surveillance.** |

**За повеќе информации за тестирање за рак на дебелото црево**

Скенирајте го овој QR-код за да ја посетите веб-страницата www.health.gov.au/nbcsp

Посетете ја веб-страницата на National Cancer Screening Register (Национален регистар за тестирање за рак) на www.ncsr.gov.au или јавете се на 1800 627 701

Како ги користиме вашите лични податоци: www.ncsr.gov.au/privacy